Врз основа на член 11 став 9 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија„ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) Градоначалникот на општината Битола донесе

# П р а в и л н и к
## за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Битола за работните места Пожарникар спасител возач на специјално возило и Пожарникар спасител

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Битола за работините места Пожарникар спасител возач на специјално возило и Пожарникар спасител.

### Член 2

Кандидатите кој се пријавиле по јавниот оглас може да освојат најмногу 100 бода, и тоа распоредени на следниот начин:

**Образование 5 бода**

| | |
|---|---|
| кандидатот со завршено средно образование добива | 3 бода |
| кандидатот со завршено више образование добива | 4 бода |
| кандидатот со завршено високо образование добива | 5 бода |

**Стручно образование 10 бода**

Доколку кандидатот има завршено средно образование за пожарникар или се стекнал со сертификат за пожарникар согласно Закон за пожарникарство добива дополнителни 10 бода

**Работен стаж 15 бода**

Кандидатот за исполнување на условот за работното место

| | |
|---|---|
| за работен стаж добива | 2 бода |
| за работен стаж од 2 до 5 години добива | 3 бода |
| за работен стаж над 5 години | 4 бода |

| | |
|---|---|
| за работен стаж во професионални ПП единици од 2 до 5 години добива | 5 бода |
| за работен стаж над 5 години добива | 10 бода |

| | |
|---|---|
| за работен стаж во ТППЕ | |
| од 1 до 2 години добива | 5 бода |
| од 2 до 5 години добива | 10 бода |
| за работен стаж над 5 години добива | 15 бода |

**Возачка дозвола 10 бода**

| | |
|---|---|
| за возачка дозвола за ,,Ц,, категорија | 5 бода |
| за возачка дозвола за ,,Е,, категорија | 7 бода |
| за возачка дозвола за ,,Д,, категорија | 10 бода |

**Членување во Доброволни противпожарни друштва 15 бода**

| | |
|---|---|
| членување од 1 година до 2 години | 5 бода |
| членување од 2 година до 5 години | 10 бода |
| членување над 5 години | 15 бода |

**Учество на семинари, кампови обуки и други ПП активности 15 бода**

| | |
|---|---|
| од 1 до 3 пати | 5 бода |
| од 4-6 пати | 10 бода |
| над 6 пати | 15 |

**Активни спортисти 5 бода**

За активни спортисти (поединечен спорт или клупско такмичење) кандидатот добива 5 бода

**Интервју 25 бода**

| | |
|---|---|
| Општи прашања | 3 бода |
| Прашања за општи компетенции | 10 бода |
| Прашања за посебни компетенции | 10 бода |
| Активно познавање на македонски јазик | 2 бода |

Член 3

Доколку два или повеќе кандидати имаат ист број на бодови предност добива кандидатот кој подолго работел во ТППЕ , ако нема таков, кој подолго членувал во ДПД , ако нема таков кој има посетено повеке обуки ,кампови, семинари по ППЗ.

Ако и по овие критериуми не можи да се одбери кандидат предност се дава на кандидатот кој освоил повеке бодови на интервјуто.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Општина Битола.

Бр. 04-159
01.08.2017
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Изготвил: Кире Ѓоргиевски

Костадин Поповски